Kingdom of the Netherlands

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

# Поддршка за воспоставување на надворешен механизам за контрола на работата на полицијата

## Проектна цел

Советот на Европа обезбедува поддршка на националните власти во процесот на воспоставување на независен и ефикасен надворешен механизам за контрола на работата на полицијата. Овој механизам е од суштинска важност за функционирањето на една демократска и одговорна полициска служба, која мора да биде способна да се справува со широкиот опсег наводи против полицијата на соодветен и пропорционален начин во согласност со сериозноста на жалбата поднесена од жалителот и импликациите од истата во однос на засегнатиот полициски службеник.

Барањето за обезбедување на техничка поддршка за воспоставување надворешен механизам за контрола на работата на полицијата во државата доаѓа од националните власти и истото е поддржано од граѓанскиот сектор. Потребата од воспоставување на надворешен механизам за контрола исто така произлегува и од серијата тркалезни маси, организирани во рамките на заедничкиот проект на ЕУ/Советот на Европа „Јакнење на капацитетите на органите за спроведување на законот за соодветно постапување со задржани и осудени лица".

Предвидено е проектот да биде со времетраење од 5 месеци и се очекува да биде комплетиран до 30 април 2016 година. Буџетот на проектот изнесува 130.000 Евра, вклучувајќи ги и средствата од Министерството за надворешни работи на Кралството Холандија во износ од 60.000 Евра.

## Осврт

Постоењето независни, ефикасни и навремени механизми за контрола на работата на полицијата е барање согласно со Европската конвенција за човекови права и нејзиното прецедентно право, како и согласно со наодите на Европскиот комитет за превенција на тортура (КПТ), мислењето на Комесарот за човекови права на Советот на Европа во однос на независното и ефикасно одлучување по жалбите против полицијата и другите меѓународни стандарди. Сите овие документи потенцираат дека таквиот механизам мора да биде практично и хиерархиски независен од оние чие постапување е предмет на истрага, отворен кон одреден степен на увид на јавноста и резултатите од заклучоците треба да бидат соодветни со цел да водат кон правно обврзувачки одлуки.

Во неколку пресуди против државата, Европскиот суд за човекови права утврдил дека има повреда на член 3 од Конвенцијата (забрана на тортура и нечовечко или понижувачко постапување), поконкретно судот заклучил дека има повреда на процедуралниот аспект на овој член поради тоа што властите не спровеле ефективна истрага по наводите на жалителите за полициска бруталност.

Едно од поважните прашања за КПТ по посетата на Комитетот од 2010 година се однесува на системот на одговорност на полициските службеници во предмети за наводно несоодветно постапување од страна на полицијата. Во овој поглед, КПТ им препорача на националните власти да обезбедат спроведување истрага по секој од наводите за несоодветно постапување и дека раководните полициски службеници треба да сносат одговорност за своите обврски како директни претпоставени.

Последниот извештај за напредокот на државата, објавен од Европската комисија во ноември 2015 година, бара да се реши прашањето на полициската неказнивост преку воспоставување независен механизам за контрола на полицијата и спроведување сериозна и темелна истрага по жалбите за несоодветно постапување.

## Очекуван резултат

Идентификување на најсоодветниот модел на независен механизам за контрола на работата на полицијата, негова презентација пред пошироката стручна јавност и прифаќање од страна на релевантните национални чинители и лицата кои ги донесуваат одлуките.

Програмска канцеларија на Советот на Европа во Скопје
Бул. Партизански одреди 15А-1/12, 1000 Скопје
Тел. +389 2 3256 900, +389 2 3256 970